# ХИДРОЗИМ Т

*Адитив за бетонирање на ниски температури*

*Одговара на:EN 934-2 T6*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Бетонирање во услови на ниски амбиентални температури (Понискиод +5°C). Со примена на Хидрозим Т како и на препораките за зимско бетонирање, можно е правилно вградување на бетонот и на температури до -20°C.

## СВОЈСТВА

- Овозможува правилно одвивање на процесот на хидратација на цементот при ниски температури;
- Овозможува добивање на рани јакосни карактеристики на бетонот;
- Го редуцира времето на врзување на бетонот;
- Ја продолжува градежната сезона во текот на целата година.
- 

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.32±0.03) g/cm³ |
| pH вредност | ISO 4316 | 7.5±1 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤2,0% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Препорачаното дозирање на Хидрозим Т се движи во границите од 0,5 до 2,0 % во однос на масата на цементот во бетонската мешавина. Дозажата зависи од амбиенталната температура во текот на бетонирањето, очекуваните температури во период од 24 часа по бетонирањето, типот на пресекот кој се бетонира и неговата изложеност на атмосферски влијанија. При температура до -10°C се препорачува дозирање на Хидрозим Т од 0,5 до 1,0% додека при температури пониски од -10°C (до -20°C) се препорачува дозирање од 1,0-2,0% во однос на масата на цементот во бетонската мешавина. Температурата на свежата бетонската мешавина при вградувањето треба да биде најмалку +5°C (кај тенки пресеци +10°C). При ниски температури тоа може да се постигне со загревање на дел или на сите компоненти на бетонската мешавина (водата, цементот, агрегатот). По додавањето на Хидрозим Т потребно е бетонската мешавина да се промеша најмалку 4-5 минути, и така подготвениот бетон треба да се вгради колку е можно побргу.
Површината на вградениот бетон треба да се заштити од површинско замрзнување. Времето за ослободување на оплатата треба да биде одложено во зависност со температурата, односно од постигнување на бараната јакост на бетонот.
Во случај на бетонирање со Хидрозим Т на температури пониски од -10°C, потребно е да се превземат посебни мерки за заштита и нега на бетонските елементи (загревање, употреба на термоизолациони материјали). За добивање на висококвалитетни бетони при ниски температури, со постигнување на високи рани јакосни карактетеристики и побрзо ослободување на оплатата, се препорачува користење на Хидрозим Т во комбинација со адитивите од групата на пластификатори и суперпластификатори. Во рамките на препорачаниот опсег на дозирање (од 0,5 до 2,0% во однос на масата на цементот), Хидрозим Т нема значајно влијание на својствата на бетонот во свежа или



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

стврднатa состојба. Од тие причини, при користење на Хидрозим Т не е потребно да е врши промена на составот на бетонот кој се користи при нормални температурни услови и за кој со претходни испитувања е докажан бараниот квалитет.

**Ефекти од предозирање**: Во случај на предозирање на Хидрозим Т, може да дојде до нагло губење на обработливоста на свежиот бетон, како и забрзување на процесот на врзување на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Хидрозим Т е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Хидрозим Т е компатибилен со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.
Препорачливо е Хидрозим Т да се применува во комбинација со некој од адтивите од групата на пластификатори или суперпластификатори. Различните адитиви во бетонот се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.

## ПАКУВАЊЕ

Пластично шише: 1,3 kg
Пластични канти: 7 и 28 kg
Буриња: 280 kg
Контејнери 1300 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување, на температура од -18°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба 12 месеци.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

09

GADA001/5

EN 934-2:2009+A1:2012

**ХИДРОЗИМ Т**

Адитив за бетон, забрзувач на врзувањето

EN 934-2:T6

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 2,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Ги содржи следните компоненти од EN 934-1:2008, Анекс А.2: Нитрати** |

Опасност по здравјето: Хидрозим Т не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Хидрозим Т е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидрозим Т се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk